Врз основа на член 115 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци,, бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2010 година ја донесе следната:

Статутарна одлука
за измена на Статутот на Единицата на локална самоуправа Новаци

Член 1

Во Статутот на Единицата на локалната самоуправа Новаци, Глава-Облици на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на општината, точка-Јавни трибини, анкети, и предлози на граѓаните се менува и гласи:

Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата"

Член 2

По член 77 се додава нов член 77-а, што гласи:

Градоначалникот и Советот на Единицата на локалната самоуправа Новаци по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на единицата на локалната сампрaва, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на градоначалникот."

Член 3

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службеното гласило на ЕЛС Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Пецо Мицевски